**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **09-16**
**20.10.2024** година
Крива Паланка

| СОУ „ПЕРО НАКОВ“ КУМАНОВО | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 18 до 20.03.2024 година |
| **Број на извештај:** | 2/2024-регион североисточен |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Ивица Давидовски |
| **Вид на училиштето:** | Средно општинско училиште |
| **Подрачни училишта** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | општина Куманово |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански |
| **Број на ученици:** | 770 |
| **Полова структура на ученици:** | 318 машки и 452 женски |
| **Број на наставници:** | 123 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Викторија Јовчевска |
| **Директор на училиштето:** | Мила Жибак-Димковска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 10 до 12.12.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Пиринска Македонија“ бр.4, Куманово |
| **Телефон:** | 031 424 380 |
| **Факс:** | 031 438 440 |
| **e-mail:** | n.pero@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | Добар 2,82 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл. весник на РМ” број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ” број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државнот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција во периодот на 18, 19 и 20 Март 2024 година е спроведена интегрална евалуација во СОУ „Перо Наков“ – Општина Куманово. Истата е извршена од тим на четворица државни просветни инспектори, со поставена основна цел да се оцени квалитетот на работење во училиштето и примена на правната регулатива со која се регулира средното образованието. Училиштето беше навремено известено за целта и спроведувањето на интегралната евалуација од страна на раководителот на инспекцискиот тим.

За време на надзорот државните просветни инспектори остварија повеќе работни состаноци со претставници од Наставничкиот совет, Училишниот одбор, Советот на родители, стручните активи, ученичката заедница, членови од тимовите за изготвување на Самоевалуацијата како и со фокус групи на ученици.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници за учениците, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во сите седум подрачја, квалитетот на работа во СОУ „Перо Наков “, Куманово, од тимот државни просветни инспектори е оценета како добар (2,82).

Наставата во СОУ „Перо Наков “, Куманово се изведува на македонски и албански наставен јазик. Во училиштето се применуваат наставни планови и програми за средно стручно четиригодишно образование од текстилно-кожарската и економско-правна и трговска струка , кои на предлог на Бирото за развој на образование и Центарот за свредно стручно образование се одобрени од Министерството за образование и наука. Првпат од ова учебна година според Конкурсот за запишување на ученици во средните училиштат во Република Македонија е одобрена една паралелка за Спортска академија со настава на македонски јазик, која бори 15 ученици, како истурена паралелка на Спортската Академија-Скопје.

Наставните планови и програми, се повеќето реформирани и иновирани, содржат поинаква структура, поради преминувањето од содржинско кон целно програмирање. Реализацијата се остварува според годишните и тематските планирања, изготвени од страна на наставниците целосно во пропишаниот обем, условен од деновите на празници, оправдани отсуства и други причини. Сите наставници изготвуват годишни, тематски и дневни планирања врз основа на Наставните планови и програми пропишани од Министерството за образование и наука.

Изборот на задолжително изборни предмети, изборни предмети и слободните часови го вршат учениците од претходно утврдена листа на предмети, преку анкетирање. Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план и им дава можност на учениците самите да се одлучат кој изборен предмет сакаат да го изучуваат во наредната учебна година преку пополнување на анкетни листови.

Училиштето ги реализира предвидените наставни планови и програми по сите наставни предмети, со одредени тешкотии поради немање на учебници по одделни стручни предмети. Поголемиот број на наставници по чии наставни предмети нема учебници, самите, преку интернет и на друг начин се снаоѓаат и обезбедуваат учебен материјал за учениците, што на посреден начин се одразува на квалитетот на планирањето и самата настава.
Родителите не се вклучени во креирање на наставните планови и програми.

Во училиштето покрај редовната настава се реализират воннаставните активности, од различни образовни профили, каде се опфатени одреден број на ученици, но постигнати се значајни резултати на натпревари од различен вид и ниво.

Училиштето има инклузивен тим формиран со Решение бр.02-12/3 од 05.10.2023 година, кој работи по Годишна програма што ја изработува на почетокот на учебната година, а која е како прилог на Годишната програма за работа на училиштето.

Во училиштето е формиран Училишен спорстки клуб под името: „СОУ Перо Наков“-Куманово, регистриран во Централниот регистар на РМ со ЕМБС: 7105878 од 29.02.2016

година, со добиено одобрение за работа од Агенцијата за млади и спорт со Решение бр.08-435/1 од 4.03.2017 година.

Според извршените анализи за последните три изминати учебни години успехот на учениците бележи благо опаѓање. Постигањата на учениците во три последователни учебни години се континуирано со добар успех.

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба,заменик директорот и директорот се врши континуирано. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на стручни активи. Наставниот процес се реализира согласно Наставните планови и програми, Годишната програма на училиштето, планирањата на наставниците и распоред на часови.

Во училиштето има добра клима за работа. Создадени се можности за континуирана соработка со сите субјекти кои покажуваат подготвеност да придонесат за подобрување на работата и животот во училиштето.

Ресурсите во училиштето се во функција на реализирање на наставните планови и програми за сите образовни струки и профили. Се води уредна документација со испланирани активности за раководење со ресурсите и постигнатите ефекти од страна на раководниот тим на училиштето. Опременоста со училишни помагала и наставно-нагледни средства делумно ги задоволува потребите за изведување на наставата.

Раководењето и управувањето на училиштето се врши на транспарентен начин, а информациите за работата на директорот и на училишниот одбор се достапни на барање на вработените и родителите. Има добра соработка помеѓу раководниот орган и училишниот одбор.

Училиштето работи во две смени со време на започнува во прва смена од 7:15 до 13:00 часот и од 13:15 до 18:55 часот во втора смена.

Тимот од Државни просветни инспектори во текот на интегралната евалуација спроведе и анонимна анкета со повеќе наставници, одреден број на родители и одреден број на ученици. По извршената анализа на спроведените анкети се покажа дека поголемиот број наставници, родители и ученици се задоволни од соработката со училиштето и поддршката што ја добиваат учениците од наставниците, стручната служба и раководниот орган.

Годишната програма за работа на училиштето е со број 01-382/1, усвоена на состанок на училишниот одбор на ден 08.08.2023 година и донесена на Советот на општина Куманово со Одлука број 09-6227/40 од 29 Август 2023 година.

Училиштето има изготвено Самоевалуација за период од 2020-2022 година, архивирана под бр.02-11/15/2 од 13.09.2022 година, истата е донесена со Одлука број 02-11/15/2 од 13.09.2023 година. Во овој документ се идентификувани состојбите за квалитетот во работењето во училиштето и ги отсликува реалните состојби во училиштето. Во Самоевалуацијата истакнати се слабите и силните страни. Врз основа на самоевалуација е донесена Програма за развој на училиштето архивирана под бр. 02-13/5-4 од 08.08.2023 година а донесена со одлука архивирана под бр. 02-13/4 од 08.08.2023 година, а се однесува на период од 2023 до 2027 година во која се внесени приоритетите за развој на училиштето во наредните години. Во изготвувањето на овие документи активно се вклучени поголем број на вработени како членови на тимови формирани од органите и директорот на училиштето. Во тимовите за креирањето на образовната политика се вклучуваат поголем број од наставници, а помал број на родители и ученици.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Средно стручното општинско училиште „Перо Наков“ од Кумановое сместено во две училишни згради. Во училишната зграда на ул. „Пиринска Македонија“ број 4 , работат паралелките со настава на македонски јазик, додека паралелките со настава на албански јазик работат во поранешната касарна „Христијан Тодоровски Карпош“ -Куманово, преадаптирна за училнички и друг помошен простор за нормално одвивање на воспитно-образовниот процес. Средствата за реконструкција и преадаптација на објектот се обезбедени од Минстерството за образование и наука со Решение бр. 18-640/7 од 16.06.2009 година.

Воспитно-образовната работа се изведува во 2 струки, со 8 образовни профила, со четиригодишно траење на образованието и тоа: економско-правна и трговска струка и текстилно-кожарската струка и уметничко образование-ликовна уметност и дизајн, последната верифицирана со Решение бр.13-1532 од 16.09.2020 година.

Економските паралелки за првапат се формирани со одобрение од Стручната комисија при Советот за просвета на НР Македонија, со Решение за основање на Економски техникум во Куманово, под бр. 02-4860/1 од 3.VII 1958 година, во состав на Вишата гимназија „Гоце Делчев“ од Куманово.

Народниот одбор на Кумановската околија, на Околискиот собор и Соборот на производители од 22.07.1960 е донесено Решение под бр. VII.1960 година под името „Периодично училиште за ученици во стопанството.

Струките и образовните профили кои денеска се застапени во Училиштето се верифицирани од страна на Министерот за образование и наука со Решение бр. 11-680/3 од 12.06.2007 година.

Исто така, училиштето поседува и ново Решение за верификација на занимањето за стручно оспособување (прво ниво на стручни квалификации, составувач на горни делови на обувки од текстилно-кожарската струка, во СОУ „Перо Наков“ во Куманово, бр. 11-4728/6 од 13.09.2011 година.

Училиштето поседува Решение за упис во Централниот регистер на Република Македонија, ЕМБС: 4028848 од 23.02.2024 година.

Во училиштето од I до IV година во учебната 2023/2024 година се запишани вкупно 770 ученици, распоредени во 55 паралелки. Како редовни ученици има 364 машки и 438 женски, кои посетуваат настава на македонски и албански наставен јазик во два одделни објекти. Наставата се реализира во вкупно 55 паралелки, од кои 31 паралелка со 487 ученици на македонски наставен јазик и 24 паралелки со 283 ученици на албанскинаставен јазик.

Училишетето има склучено спогодба со Спортската академија-Скопје за вршење на воспитно-образовна работа во просториите на училиштето и реализација на настава за една паралелка од прва до четврта година. Во спортската академија учат вкупно 39 ученици распоредени во 4 паралелки од I до IV година на македонски наставен јазик.

Со училиштето раководи директор со два помошника на директорот, со настава на македонски јазик и еден заменик на директорот во објектот каде наставата се изведува на албански наставен јазик со 2 сменоводители. Помошниците на директорите - сменоводители се со половина работно време ангажирани во наставата.

Во реализација на воспитно-образовниот процес се ангажирани вкупно 123 вработени наставници вработени во училиштето и 9 наставници кој дополнуваат од друго училиште. Од вкупниот број, 73 наставници реализираат настава на македонски наставен јазик и 59 наставници во објектот на албански наставен јазик. Од стручни соработници има ангажирано 2 педагога (од кои 1 во наставта на македонски јазик и 1 во наставата на албански јазик) и 2 психолога(од кои 1 во наставта на македонски јазик и 1 во наставата на албански јазик), еден социолог и 1 дефектолог. Со својата местоположба, училиштето ги задоволува потребите на граѓаните од својата непосредна околина и пошироко. Училиштето е со регионален карактер и ги задоволува потребите од регионот со стручното образование. Воспитно-образовниот процес во училиштето се изведува на македонски јазик и на албански наставен јазик во два

посебни објекти. Работи во две смени со време на започнува во прва смена од 7:15 до 13:00 часот и од 13:15 до 18:55 часот во втора смена.во двата училишни објекти. Двете училишни згради се затоплуваат со парно греење. Парното грење во матичното училиште каде се изведува настава на македонски наставен јазик лоцирана на улица “Пиринска Македонија” број 4 е на природен гас и истото е приклучено на централно градско парно, додека училишната зграда каде се изведува настава на албански наставен јазик во просториите на поранешната касарна „Христијан Тодоровски Карпош“-Куманово на ул.11-ти Ноември во населба Бедиње, загревањето е регулирано со централно греење на течно гориво-нафта. Матичното училиште располага со современа спортска сала, за квалитетно реализирање на наставата по физичко и здравствено образование, во истата има исталирано систем за затоплување, но не е поврзана на централниот систем на училиштето, а се затоплува со грејни тела на електрична струја кои делумно ја затоплуваат до стандардната температура.

Во училишниот објект каде настава се реализира на албански јазик, кои работат во објектите на поранешната воена касарна „Христијан Тодоровски Карпош“-Куманово, имаат добиено нова опрема во училишната спортска сала, која е изградена и пуштена во функција за учебната 2018/2019 година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1Реализација на наставните планови и програми

Во СОУ„Перо Наков“ од Куманово, се применуваат наставни планови и програми за средно стручно образование, кои на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за средно стручно образование, се одобрени од Министерството за образование и наука.

Наставните планови и програми, се повеќето реформирани и иновирани, содржат поинаква структура, поради преминувањето од содржинско кон целно програмирање. Наставата во училиштето се реализира во согласност со наставните планови и програми средно стручно образование, за оспособувањето на кадри од економско-правната и трговска струка и текстилно - кожарската струка и за првпат од ова учебна година е Според Конкурсот за запишување на ученици во средните училиштат во Република Македонија, е одобрена една истурена паралелка за Спортска академија со настава на македонски јазик, која бори 15 ученици, во состав на Спортска Академија Скопје.

Наставата во СОУ„Перо Наков“ од Куманово се изведува на македонски и албански наставен јазик.

Наставниците на почетокот од учебната година ги запознаваат учениците со соодветниот предмет, содржините, целите и задачите на наставната програма која ќе се реализира во тековната учебна година. Родителите за нив се информирани на состаноци на Совет на родители и на родителските средби. Во училиштето не постои јасна процедура за потемелно запознавање со содржините, целите на наставните планови и програмите по предмети.

Во училиштето има регистрирано неколку ученици со посебни образовни потреби, за кои предметните наставници кои предаваат во овие паралелки, имаат изработено индивидуален образовен план за работа. Училиштето има и тим за инклузија кој работи по Годишната програма што ја изработува на почетокот на учебната година, а која е како прилог на Годишната програма на училиштето.

Изборот на задолжително изборни предмети го вршат учениците од претходно утврдена листа на предмети, преку анкетирање. Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план и им дава можност на учениците самите да се одлучат кој изборен предмет сакаат да го изучуваат во наредната учебна година преку пополнување на анкетни прашалници за кој се информирани и нивните родители.

Проектните активности се реализираат врз основа на Решение за примена на проектните активности во рамките на слободни часови во стручното образование со траење од четири години на учениците, како и Упатството и Програмата кои се добиени од Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Во училиштето како слободни часови се застапени: Претприемништво и Бизнис, Претприемништво, Екологија и Математика за матуранти, кои се реализираат неделно двапати или 66 часа годишно.

Училиштето на учениците им нуди слободни часови кои се одобрени од Центар за стручно образование и Биро за развој на образование и за истите имаат изготвено програми. Училиштето на учениците им ги нуди сите слободни часови за стручното образование според наставните планови и им дава можност на учениците самите да се одлучат кој сакаат да го изучуваат во наредната учебна година преку пополнување на анкетни прашалници.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Квалитетот на изработка на наставните програми се следи од страна на стручната служба во училиштето.

Училиштето нема направено истражувања колку учениците, родителите и наставниците се задоволни од наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова, етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Наставните планови и програми успешно се прилагодуваат на карактеристиките на локалната средина, што се потврдува со долгогодишната успешна соработка со локалните претпријатија,во поглед на прифаќање наши ученици за изведување на дел од практичната настава (претпријатија од чевларска и текстилна индустрија, банки, ЈЗУ Здравствен дом, Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Порака наша“, ППС,Црвен крст и Дом за стари лица, и.т.н.), а посебно се потенцира и значењето на таа соработка во поглед на вработување на наши ученици по завршување на школувањето.

Училиштето им дава поддршка на наставниците во реализацијата на наставните програми, со примена на компјутерска опрема, канцелариски материјали и поддршка преку посета на семинари и обуки, како и советодавна помош.

И покрај евидентираните семинари на кои учествувале наставниците, преовладува мислењето дека е потребно да се организираат семинари за поквалитетно планирање и обука за примена на современи методи и техники во реализацијата на содржините од наставните програми за новите наставни предмети, како и семинари за примена на ИКТ во наставата со изготвени софтвери .

Недостатокот на дополнителна учебникарска литература и учебници поготово по стручните премети, како и нефункционални нагледни средства и технички помагала по повеќето предмети, се одразува на квалитетот во организирањето и реализирањето на наставните содржини.

Родителите и учениците не покренале иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

Во Годишната програмата на училиштето се предвидени активности од воспитно-културно и забавен живот и ненасилство и истите се интегрирани во наставните содржини по наставни предмети- карактеристични за локалната средина.

Влијанието на наставниците во интегрирање на еколошката едукација во Годишната програма на училиштето е добро, но влијанието на родителите и социјалните партнери делумно задоволува.

### 1.3.Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка за нивен личен, кариерен и социјален развој.

Со Годишната програма за работа на училиштето се планира реализација на воннаставните активности.

Во реализацијата на воннаставните активности, од страна на училиштето, подеднакво е дадена можноста да се вклучуваат сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност, социјален статус и успех.Училиштето обезбедува услови за вклучување ученици семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Во училиштето има формирано Училишен спорстки клуб под името: „СОУ Перо Наков“-Куманово и истиот е регистриран во Централниот регистар на РМ со ЕМБС: 7105878 од 29.02.2016 година, со ддаено одобрение за работа од Агенцијата за млади и спорт со Решение бр.08-435/1 од 4.03.2017 година. Во спортскиот училишен клуб се опфатени спортовите: атлетика, ракомет, кошарка, фудбал, одбојка и стони-тенис.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор.

Учениците со помош и поддршка на училиштето и наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво. Носител на воннаставните активности во училиштето е училишната заедница – средношколска унија со помош на одговорни наставници кои учествуваат во организирање и реализирање на спортски игри, натпревари, еколошки и хуманитарни акции,

едукативни предавања, трибини, како и учество во одбележување на значајни настани и датуми во рамките на општината и на државно ниво. Во последните три учебни години училиштето оосвоило 25 награди од кои:

- 12 награди на општинско ниво од кои 2 прво место, 6 второ место и 4 трето место;
- 7 награди на регионално ниво, од кои 2 прво место, 3 второ место и 2 трето место
- 6 награди на државно ниво, од кои 1 прво место, 2 второ место и 3 трето место.

Училиштето има планирано реализација на ученички екскурзии како една од формите на вонннаставна активност кои најчесто имаат воспитно-образовен, културно-забавен и рекреативен карактер. Ученичките екскурзии се организираат и подготвуваат со вклучување на родителите, а во согласност со Правилникот за реализирање на ученички екскурзии.

Афирмирањето на вонннаставните активности се врши преку сопствена веб страна и веб страната на општината, фејсбук профил на училиштето локални медиуми.

# 2. ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Средното општинско училиштето „Перо Наков“ од Куманово, собира, анализира и располага со добри податоци за постигањата на учениците по струки, профили, паралелки, по години и наставни предмети за сите класификациони периоди.
Податоците за постигнувањата на учениците говорат за континуитет во работењето на училиштето и за адекватно следење и анализирање на постигањата на учениците.

Средниот успех на ниво на училиштето за последните три изминати учебни години се движи од 3,09 до 3,43. Од споредбените показатели за успехот на учениците може да се забележи дека учениците во паралелките на македонски јазик имаат подобар среден успех.

Учениците од економско-правната и трговска струка и во албанските и во македонските паралелки покажуваат подобар успех во однос на учениците од текстилно-кожарската струка. Причина, во оваа струка се запишуваат ученици со послаб успех и послаби предзнаења.

Постигањата на учениците се следат врз основа на анализи кои табеларно се прикажани по наставни предмети, по пол, паралелки, профили и струки на крајот на секој класификационен период и на крајот на наставната и учебната година.

Бројот на запишани ученици во училиштето за изминатите три години, од извршените анализи говорат дека бројот се задржува, но во однос на поранешните години бројот на ученици е значително опаднат, како во паралелките со настава на македонски јазик , така и во паралелките со настава на албански јазик.

Иако постигањата на учениците се видливи, сепак училиштето покажува тенденција за нивно континуирано подобрување што е во функција на постигнување на основната цел на работењето на училиштето, а тоа е подобрување на квалитетот на наставата.

Врз основа на увидот од податоците добиени од самоевалуација и од интерните и тестирања, се заклучува дека училиштето успешно планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, како и активности за следење на постигањата, но резултатите и постигањата не бележат пораст.

Училиштето има изграден систем (правилници и протоколи) и стручен кадар за идентификација на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок.

Талентираните ученици се мотивирани да учествуваат во натпревари и проекти кои ги организира училиштето, општината, Министерството за образование и наука или пак се организирани од владини или невладини организации на државно и меѓународно ниво.

Во училиштето постои пропишан приод на наградување кој ги мотивира учениците да го подобруваат успехот и редовноста. Секоја година наставничкиот совет со одлука ги наградил паралелките кои имаа најдобар успех и редовност и според изградените критериуми се избира ученик на генерација.

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците кои се запишани како вонредни ученици и оние кои преминуваат од едно во друго образовно ниво. Училиштето ги почитува принципите за еднаквост при вклучување на учениците во реализирање на еколошките програми и други проекти кои се реализираат на ниво на училиште.

Во училиштето се одржува додатна и дополнителна настава согласно со изготвениот распоред, со што придонесува за подобрување на постигањата на учениците во наставата.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците. Тие најчесто доаѓаат од различни основни училишта и од соседните општини во регионот. Има изградено план и политика за зголемување на бројот на запишани ученици, согласно на што се превземаат различни активности (презентации во основните училишта, отворен ден во училиштето, модни ревии, брошури, флаери, изработка на видео-записи, учество во ТВ емисии, изработка на Е-весник,

изработка на ВЕБ страна на училиштето, постери, соработка со надлежни институции, стопански субјекти, со локалната заедница и со Министерството за образование и наука.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот и етничката припадност), ги анализира причините за отсуство од наставата (неоправдано и оправдано), организира советување на родителите и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите, Центарот за социјални работи, МВР и Центарот за јавно здравје-Куманово.

Просечниот број на изостаноци на ниво на училиште бележи мало зголемување во однос на изминатите три години и тоа за 2018 година по ученик во просек се направени *69,81 изостаоноци, или, вкупно* 39 510, од кои 35 666 оправдани, а 3 844 неоправдани изостаноци.

Училиштето го следи осипувањето на учениците (според полот и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и родителите, навремено презема конкретни активности за да го намали осипувањето.

Училиштето последниве години забележува постепено намалување на бројот на ученици, поради што ги интензивира и посветува големо внимание на активностите за промовирање на училиштето.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Уредно се води евиденција преку исписници, преведници и решенија за полагање на диференцијални предмети.

## 2.3 Повторување на учениците

Бројот на ученици кои повторуват секоја година се намалува. Во учебната 2017/2018 година 3 ученици повторувале во трета година во паралелките на албански наставен јазик.

Голем е процентот на ученици кои ја завршуваат годината и е во постојан раст. Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување, активностите што ги презема и со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3. 1 Планирање на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за подршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба, директорот и наставниците од стручните активи.

Директорот на училиштето и стручната служба ги посетуваат наставниците на час по еднаш во полугодие па и повеке кај одредени наставници по потреба и проценка на директорот и стручната служба во зависност од потребите и подршката на наставникот се следат планирањата на наставниците. Постои практика на размена на искуства преку следење на работата од колегите на стручниот актив. Изготвени се евидентни листи и протокол за следење на планирањата.

За реализација на наставните програми наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Голем број од планирања ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час.

Сите наставници имаат изготвени годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Планирањата кои ги изготвуваат наставниците содржат јасни насоки за тоа што се очекува учениците да научат и кои цели треба да се постигнат. Голем број од наставниците во тематското планирање имаат планирано кои часови ќе ги реализира со примена на ИКТ и примена на е-содржини.

Планирањата на наставниците содржат насоки за активностите на часот, кои се целите на наставата, што се очекува учениците да научат,_и кај мал број на наставници начин на оценување и самооценување. Голем број од наставниците имаат изработено годишни и тематски планирања за додатна и дополнителна настава, додека помал број од наставниците имаат изработено формални годишни и тематски планирања за додатна и дополнителна настава и не изработуваат дневни планирања за реализација на додатна и дополнителна настава.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето се јасно утврдени во планирањето кај голем број наставници додека начинот на оценување и самооценување недостасува во планирањата.

Наставниците и стручната служба, взаемно соработуваат во процесот на планирање на наставата. Соработката на овој план се сведува само на усни договори.

Наставниците планираат на ниво на стручни активи, изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, за сите состаноци се водат записници.

Редовна пракса во училиштето е по следењето на одредени обуки и семинари да се изврши дисеминација и на останатите наставници.

Раководниот орган активно е вклучен во реализацијата на проектот „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот воспитно-образовен систем“ и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки.

Преку проектот МИО, училиштето превзема најразлични активности за целосна реализација на истиот. Училиштето има склучено договор за соработка со ОСУ,, Јовче Тесличков„ општина Велес.

Распоредот на часови го изготвува наставник од училиштето , во соработка со директорот, за што добива одреден паричен надоместок.

## 3.2 Наставен процес

Голем дел од наставниците користат различни форми и методи во наставата кои се соодветни за постигнување на поставените цели. Наставниците ги користат најчесто фронталната и индивидуалната форма во теоретската настава и индивидуална форма во

практична настава, помалку се застапени наставните форми групна работа и работи во парови. Наставниот процес се одвива во две смени.

Како сериозен проблем при реализацијата на наставните програми по стручните предмети е недостатокот на учебници во стручното образование.

Реализацијата на проекти и истражувањата на интернет се користат во континуитет преку годината како присутни модели на настава или подготовки за самата настава и воннаставните активности. Од информатичко – компјутерска технологија училиштето располага со 4 лап топ компјутери, 6 - ЛЦД проектори, 840 монитори од кои 258 се функционални. Со компјутерска опрема опремени се 7 училници во првиот објект каде што се реализира настава на Македонски јазик и 1 училница во вториот објект каде што се реализира настава на Албански јазик. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата, и истите ги применуваа за реализација на наставните програми.

ИКТ опремата е во задоволителна состојба, а пристапот до интернет е со постојан квалитет. Голем број од наставниците практикуваат и презентации преку ЛЦД-проекции кои самите ги приготвуваат.

Училиштето има Правилник за одржување на компјутерската опрема, односно за надомест на евентуална штета предизвикана врз компјутерската опрема.

Присутен е одговорен однос кај учениците и наставниците во поглед на чување и грижа за компјутерската опрема,и е воспоставен функционален систем на контрола кој дава резултати.

Работата со послабите ученици, наставниците ја остваруваат преку планирање и реализирање на дополнителна настава. Работата со напредните ученици, наставниците ја остваруваат преку додатната настава и преку дел од задолжителните и воннаставните активности. Додатната настава поинтензивно се реализира во второто полугодие како подготовка за натпревари по одделни наставни предмети а доказ за тоа се постигнатите резултати на учениците, како на општинско ниво, така и на меѓународно ниво или полагање на матурски испити.

Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература.

Голем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај голем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата на учениците.

Наставниците користат различни ресурси, методи и помалку техники за учење и настава, не ограничувајќи се само на одобрени учебници. Наставниците од стручните предмети по активи сами изработуваат материјали и ги доставуваат на учениците.

Наставниците кои предаваат во профил техничар за трговија и маркетинг од економско правна и трговска струка имаат соодветни програми и планирања за феријална пракса. Оваа пракса се реализира во групи во соодветни претпријатија, со кои училиштето има склучено меморандум за соработка со ,,Салса“ ДОО од Куманово и Здружение за чевлари Куманово.

Училиштето е вклучено во проектот „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот воспитно-образовен систем“ во 2012 година.

Изработени се план и програма за 2018/2019 година за еко-активности и еко стандарди. Наставниците во рамките на своите планирања имаат интегрирани еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко-стандарди. Формиран е еко-одбор со кој раководи наставник-координатор и кој редовно и активно учествува на обуките за професионален

развој од еколошката програма. Наставникот-координатор на еколошката програма врши десиминација на наставниот кадар.

Во еко - одборот активно и врз принцип на еднаквост се вклучени сите структури во и надвор од училиштето (ученици, наставници, стручна служба, директор, други вработени, претставници од родители и локална и деловна заедница).

Изработен е еко кодекс во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето согласно содржините на еколошката програма и истиот е истакнат на видни места во училиштето.

Во рамките на еко проектот се формирани и функционираат со свои активности еко-тимови за реализација на еколошки проекти. Целосно се реализираат точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и училишниот двор и заштита на здравјето на учениците и вработените.

Раководниот орган активно е вклучен во реализацијата и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки.Во текот на наредниот период се планирани конкретни активности за реализација на сите програмски активности.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија.

Средината во која учат е стимулирачка и мотивирачка . Училниците, кабинетите и работилниците се пространи, светли и чисти. Училничкиот инвентар (клупи, столици, табла и останато) се на незадоволително ниво. Ученикот има пристап до различни материјали за учење

Во мал дел од училниците има истакнато трудови изработени од учениците и пригодни апликации по одделни наставни предмети.

Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав .

Учениците сметаат дека се учи на интересен начин и дека не секогаш тоа што се учи е поврзано со секојдневието. Голем дел од учениците учествуваат во активностите на часот, а голем број од наставниците преземаат активности да ги поттикнат на активност сите ученици. Во разговорите учениците истакнаа дека соработката помеѓу наставниците и учениците е добра и дека од поголем број наставници добиваат помош при реализирање на училишни проекти.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Кај наставниците во процесот на поучување помалку е застапено планирање и користење на наставни техники на учење и поучување со кои би ги развивале индивидуалните способности и потреби на учениците.

Училиштето за потребите на учениците со потешкотии и надарени ученици има изготвено програми за работа.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Сите наставници ги поминале обуките за примена на стандарди

во оценувањето. Мал број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување одделно за секоја наставна тема, според кои реализираат настава. Кај помал број наставници се изготвени формално и неконкретно критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување (изработуваат критериуми генерално за сите наставни теми). Критериумите за оценување не се достапни за учениците и родителите.

Голем број од наставниците користат различни инструменти за оценување на учениците (тематски тестови, наставни ливчиња, самооценување) и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Наставниците ги користат информациите добиени со оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. За таа цел се организираат најмалку пет групни родителски средби во учебна година и индивидуални родителски средби со утврдени и истакнати термини од страна на училиштето и наставниците.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки.

Претставниците на Совет на родители изразија задоволство од комуникацијата со наставниците и информациите кои ги добиваат за напредокот, присуството и поведението на нивните деца.

# 3. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1 Севкупна грижа за учениците

Поддршката на учениците и севкупната грижа за учениците во училиштето е добра. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.

Централното училиште и во подрачните училишта ученичкиот простор за изведување на редовна настава задоволува. Училниците се пространи и природно осветлени, соодветни на училишните стандарди и возраста на учениците за изведување на настава.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.

Во училиштето има двајца наставници кои се обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи.

Училиштето има План за заштита и спасување во случај на елементарни непогоди заведен со дел.бр.245/14 од 12.2014 година и мислење од Дирекцијата за заштита и спасување со дел.бр.0302-156/1 од 23.04.2018 година. Училиштето нема спроведено вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода.

Поставени се 7 противпожарни апарати и истите се во функција и редовно се сервисираат. Во училиштето има поставено хидранска мрежа со 2 хидранти, од кои 1 е во функција и 1 се сервисира.

Во учебната 2018/2019 година, учениците се осигурани преку осигурителна компанија Еуроинс, избрана од страна на Советот на родители. Наставниците и училишниот објект се осигурани преку истата компанија –Еуроинс.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. Има донесено Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите заведен со арх.бр.0302-731 од 27.09.2018 година кој е истакнати во училниците и холот на училиштето.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. Има донесено Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите, кој е истакнат во училниците. За насилството и последиците од истото, со учениците се разговара на одделенскиот час преку содржините на програмата Образование за животни вештини. Во училиштето досега не се евидентирани случаеви на насилство помеѓу учениците и вработените.

Училиштето води политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол, дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци. Секоја учебна година во училиштето со учениците од VIII и IX одделение се организира предавање на тема „Болести од зависност“ од лекар – родител на ученик во училиштето, исто така, предавања и презентации се реализираат и од страна на училишниот психолог на одделенскиот час. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол..

Во училиштето има организирана исхрана за учениците кои се прифатени во продолжен претстој од прво до трето одделение, додека за другите ученици нема организирана исхрана.

Во училиштето има изградено пристапна рампа за ученицте телесни пречки во развојот.

Во училиштето се опфатени вкупно 3 ученици со наод и мислење кои се вклучени во редовна настава. Од страна на наставниците се изготвени индивидуални планови за работа со учениците.

Во училиштето се организираат хуманитарни, донаторски акции од страна на учениците и вработените во самото училиште, по потреба се проширува хуманитарната акција и во други училишта.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училниците, ходниците, санитарните јазли и спортската сала е на добро ниво**.** Редовно се чисти и уредува и училишниот двор, како и отвореното спортско игралиште.

Училиштето води грижа за здравјето на учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето. Во целост ги спроведува активностите кои се во насока на здравствена заштита на учениците, првенствено преку редовни систематски прегледи и вакцинации. На одделенските часови се разработуваат теми за чиста животна средина, хигиена, здрава храна.

Училиштето во соработка со здравствениот дом, за учениците од женскиот пол, секоја година се организира работилница/предавање на соодветни теми според возраста на учениците.

Учениците и наставниците кои заради хронично заболување и други оправдани причини, подолго време отсуствуваат од настава, се постапува согласно одредбите од Законот за основно образование.

Планираните годишни активности како дезинфекција, дезинсекција и дератизација, се спроведуваат редовно. Во случаи на појава на зараза од грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со епидемиолошката служба и ги следи насоките дадени од нив. Во таков случај училиштето соработува со родителите, во насока на укажување за посебниот режим во училиштето, заради спречување на ширење на болеста и намалување на отсуствата од настава.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето спроведува активности за професионална ориентација со учениците од деветто одделение. Педагогот спроведува анкета за самопроценка на интереси и на способности на учениците. Сите ученици добиваат индивидуална препорака врз основа на добиените резултати.

Преку редовните презентации од средните училишта од општината и пошироко, учениците се запознаваат со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили. Во овие активности се вклучени стручната служба и одделенските раководители.

Училишниот психолог и наставниците соработуваат околу навремено откривање на ученици со емоционални проблеми и потешкотии. Училиштето има редовна соработка со релевантните установи, центрите за социјална работа, полицијата и други институции, за надминување на проблемите од таков тип.

### 4.4. Следење на напредокот

Во училиштето се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, наставниците, родителите и стручната служба за постигањата на учениците.

Стручната служба ги собира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години.

Со податоците за постигањата на учениците, родителите редовно се информираат на родителските средби од страна на одделенскиот раководител и на индивидуални родителски средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5. 1. Училишна клима и односи во училиштето.

Климата и меѓучовечките односи во училиштето се добри.

Училиштето остварува добри постигања во разни области. Препознатлива е во регионот и во државата по тоа што е основана пред 94 година а настава на македонски јазик реализира веќе 73 години. Наставниците се претежно ученици од истото училиште и жители на истата средина каде спаѓа и училиштето. Наставниот кадар ужива респект кај родителите.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците.

Училиштето има посебен Кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување на сите вработени и со истите се дефинирани сите облици на однесување во училиштето. Во него еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјални, полови, етнички и интелектуални разлики.

Има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Позитивната клима која владее меѓу сите вработени и учениците, меѓусебната доверба и почитување на сите вработени, го карактеризира училиштето. Соработката на службите со наставниот и раководниот кадар е добра.

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправност.

Директорот, наставниот и ненаставниот кадар имаат важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците. Исто така добра е и соработката помеѓу стручните соработници со раководниот кадар.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Постои работна атмосфера за време на наставата а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците.

Евидентна е грижата за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување. За посебно внимание е фактот што во училиштето е формиран и функционира дежурна патрола од наставниците кои се пред влезот на училиште пред почетокот на наставата.

Училиштето има и уредно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Учениците уредно се информираат за работите во училиштето и повремено учествуваат и во донесување на одлуки што се од нивен интерес.

## 5. 2 Промовирање на постигањата

Промовирањето на постигањата на учениците и промовирањето на училиштето е добра.

Во училиштето се посветува внимание на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар се ангажира за уредување на работната средина и поставува јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Училиштето Има Правилник за пофалби и награди на учениците со јасни критериуми за избор на најдобри ученици и на најдобар ученик во генерацијата.

Училиштето низ различни форми и активности ги промовира личните постигања на учениците преку учество на учениците на разни натпревари, доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни пригодни манифестации, на отворени средби со родителите, преку истакнување на наградите и пофалниците на соодветни места.

На различни натпревари и свечености учествуваат и учениците со ПОП, соодветно на нивните можности.

Постигањата се промовираат во рамките на училиштето и во локалните медиуми. Наставниците успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање на учениците.

Во училиштето внимание се посветува и на поттикнувањето на наставниот кадар, нивните ученици да учествуваат на натпревари на локално, регионално, републичко и меѓународно ниво. Истите учествуваат на натпревари и последните 3 години освоени се многу награди по што оваа училиште се издвојува од другите училишта во градот.

Системот на наградување на учениците што постигнале успех и за нивните наставници кои ја давале поддршката, потребно е да се конкретизира со наградувања.

### 5. 3. Еднаквост и правичност

Училиштето промовира отвореност, правичност и еднаквост за сите вработени, ученици, како и за родителите. Во својата работа училиштето активно и подеднакво ги вклучува учениците од својата средина без разлика на етничката припадност, пол, општествено-образовна подготвеност и развиеност, економско-социјален статус и др. Тоа се потврди и од состанокот со Училишниот одбор и Советот на родители, кои што беа присутни и активни и дадоа значаен придонес во процесот на инспекцискиот надзор.

Со наставниците директорот врши советодавна работа и посочува стручна литература за наставниците со цел нивно усовршување и надградување за поуспешен пристап кон застапеноста, правичноста и еднаквоста, како цел кон која се стреми секое современо училиште.

Училиштето презема активности да ги запознае родителите со правата на децата преку одржување состаноци, изработка на брошури и сл.

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и со нив ги запознаваат учениците.

Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата.

### 5. 4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето има воспоставено солиден партнерски однос со родителите уште од првите денови, при запишување на нивните деца во училиштето. Самите наставници на првите состаноци со родителите ги изложуваат програмите што ќе се изучуваат. Така се вклучуваат и самите родители во помагањето и изработката на материјали и учебни помагала за поуспешно изведување на наставата.

Комуникацијата со родителите се врши преку телефонско јавување, со покана која им се дава на нивните деца.

Односот на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница задоволува.

Во одборот на родители на паралелката, советот на родители и Училишниот одбор, потребно е поголема и помасовна ангажираност. Постојат одредени конкретни ангажирања на родителите и училиштето ги прифаќа тие облици на нивната поддршка но комуникацијата со нив потребно е да биде по масовна и со различни форми а не само на одржување родителски средби и присуство во органите и телата на училиштето. Присуството на членовите на совет на родители на нивните состаноци задоволува. Присуството и ангажираноста на претставниците на родителите во Училишниот одбор е добар.

Училиштето соработува со локалната заедница само во рамките на формалните законски обврски и истата е на задоволително ниво.

Соработката со деловната заедница (со мали исклучоци) е на задоволително ниво. Училиштето е активно вклучено во сите понудени проекти од невладиниот сектор кои се од интерес на заедницата и соработката со невладиниот сектор е добра.

# 6. РЕСУРСИ

## 6. 1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во СОУ,,Перо Наков“ Куманово се реализира во 2 објекти и тоа:

а) првиот за паралелки со Македонски наставен јазик е од цврста градба и во целост ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Објектот е со површина од 12.497 м², додека училнички простор зграда е 3.497 м². Според структурата на просторот училиштето располага со: 17 училници, 6 кабинети (информатика и практична настава) 1 фискултурна сала со 2 санитарни јазли, 2 соблекувални, 2 купатила ,салата во потполност ги исполнува условите за реализација на наставата. За практичната настава во училиштето има 4 работилници за текстилно-кожарската струка . Во подрумскиот дел има една работилница и 2 простории за парните котли. Архивата е сметена во посебна просторија на третиот кат. Во состав на училиштето има посебна просторија како фитнес сала со комплет опрема. Покрај овие простории во училиштето има 4 канцеларии за стручните соработници и административниот кадар и 1 просторија-библиотека. Наставниците имаат една просторија, која според големината ги задоволува реалните потреби. Во првиот објект има 6 санитарни јазли за учениците со 12 кабини (машки и женски). Покрај овој простор во училишниот двор има спортско игралиште за мали спортови. Училиштето има големо дворно место со површина од 9.000 м².

За реализација на наставата со примена на ИКТ во првиот објект опремени се 7 училници со мрежно поврзани компјутери и се користат 218 монитори , 4 лцд проектори и 3 лап топ компјутери.

Училишната библиотека во првиот објект располага со 7303 книги со 2100 наслови од кои 1100 лектирни изданија и 391 стручна литература и 5812 се книги од оастаната литература. При издавање се води евиденција во пишана форма и делумно во електронска форма.

б) вториот објект за паралелки со Албански наставен јазик, е оддалечен 2 км од првиот објект, исто така е од цврста градба. Објектот има 18 училници, 4 кабинета за практична настава, 1 работилници за текстилна струка, 1 кабинет по информатика. 1 Библиотека, 1 педагог; 1 психолог, 1 дефектолог, 1 наставничка канцеларија, 1 за раководители на смена и 1 за пом.директор. Во училиштето има 3 санитарни јазли со 12 кабини. На секој кат има посебни санитарни јазли за наставниците. За стручните активи во училиштето има 4 мали простории. Во подрумските простории има котлара и работилница за хаус мајсторот. Овој објект бил поранешна касарна на АРМ, а училиштето го има добиено на користење со Одлука на Влада на РМ на 2.02.2010 година. За овој објект се уште нема добиено имотен лист. Училишниот простор зафаќа површина од 14.700 м² од кои 2300 зафака објектот на училиштето.

Училишната библиотека во вториот објект располага со 2500 книги со 584 наслови од кои 1830 лектирни изданија и 670 стручна литература. При издавање се води евиденција во пишана форма.

Во вториот објект има изградено нова сала за физичко образование. Како спортско игралиште има една мала површина опремена со 2 коша.

За реализација на наставата со примена на ИКТ во училиштето во вториот објект опремени се една училница со мрежно поврзани компјутери и се користат 40 монитори , 1 лап топ компјутер и 2 лцд проектори.

Во првиот објект училиштето има простор за делење храна за учениците, но во моментот не е издаден просторот.

Санитарните простории во училиштето не се чистат редовно и делумно ги исполнуват условите.

Во првиот објект затоплувањето на училничкиот, кабинетскиот, работилничкиот простор е со сопствено парно греење на гас.

Во вториот објект затоплувањето на училничкиот, кабинетскиот, работилничкиот простор е со сопствено парно греење на нафта.

Училиштето располага со ПТТ врска, интернет мрежа,громобранова инсталација, 24 хидранти и 20 ПП-апарати и истите се сервисирани и атестирани.

Училишните простории се користат според претходно изработен план а во зависност од бројот на ученици во паралелка. Секоја просторија е оптимално искористена според потребите. Кабинетите во училиштето се користат според распоредот на часови усогласен со наставните планови и програми. Капацитетите се користат оптимално од страна на сите членови во училиштето.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Снабденоста на училиштето со наставните средства е задоволително, бидејќи училиштето не располага со голем дел од потребни средства по поголем број на предмети кои се користат од страна на наставниците.

Училиштето нема доволно соодветни нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето располага со книжен фонд**.** Секоја година училиштето се збогатува со нови наслови. Учениците се снадбени со бесплатни учебници освен во дел од стручното образование каде не постојат учебници за учениците. Училиштето набавува понова стручна литература за потребите на наставниот кадар и на учениците, согласно финансиските можности, меѓутоа во многу мала мера.

Од наставни средства и помагала постојат и се користат, брошури, збирки на наставно-нагледни средства од повеќе области, реални нагледни средтства, аудио визуелни сресва, 6 телевизори, 4 фотокопири, 6 ЛЦД проектори, 4 лап-топ компјутери, компјутерска опрема, вмрежена и во функционална состојба, соодветна опрема за потребите на наставниците по спорт и спортски активности која задоволува.

За практична настава училишните работилници се опремени со наставни средства, алати и машини според нормативот за потребите на практична настава но не се во доволен број. Училиштето има договорно воспоставена процедура за утврдување на потребите од наставни средства и помагала. На почеток од секоја учебна година на ниво на активи се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за практична настава и други потреби. Утврдените потреби се доставуват до раководство на училиштето, кое набавките ги вршат според потребите и финансиските можности, а набавки на потрошен материјал (креди, хартија, тонери, пенкала и сл.) се вршат континуирано.

Како сериозен проблем при реализацијата на наставните програми по стручните предмети наставниците и учениците го истакнуваат недостатокот на учебници во стручното образование.

Библиотеката работи во две простории, по една во двата училишни објекти, а книжниот фонд е распореден во двата објекта. За работа во библиотека нема вработени библиотекари, задолжени се наставници за работата на библиотеката.

Училиштето планира и настојува да обезбеди потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот на училиштето. Планирањата и снабдувањата со потрошни материјали се врши со договорни постапки, а истото го врши раководството на училиштето во консултации со вработените кои ги искажуват потребите. Планираните набавки се вршат во зависност од финансиските можности, а приоритетите ги определува раководството на училиштето.

Наставните средства се користат оптимално и истите се достапни на сите наставници кои ја реализираат наставата .

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес има вработено наставен кадар по сите наставни предмети. Наставниот процес во училиштето го реализираат 123 наставници од кои 7 наставници кои предаваат во паралелките на албански јазик се со несоодветно образование. Според полот има 44 мажи и 79 жени, според образовниот профил

4 со ВШС и 115 ВСС наставници, 1 со докторски студии, 2 педагози, 2 психолози, 2 дефектолози, 1 социолог, 4 раководители на смена, 1 заменик директор и 1 дирекор. Од наставниците 95 се вработени на неопределено работно време, а 28 се вработени на определено време. Наставен кадар со работен стаж до 10 години има 58,од 11 до 20 има 28 наставници, од 21 до 30 има 20 и над 31 има 7 наставници. Од вработените наставници 61 се Македонци, 59 Албанци, 2 Срби, 1 Влав. Во училиштето нема родова, етничка, или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Во училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес, како стручни соработници се ангажирани 2 педагози, 2 психолози, 2 дефектолози, 1 социолог. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар: директор, 1 заменик директор и 4 раководители на смена, секретар, книговодител и останат технички персонал (19 вработени). Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи, за кое сведочат многубројните резултати. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници, а за подолги отсуства се бара Согласност од Основачот.

Стручната служба на училиштето им помага на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите, подготвена и отворена за соработка. Стручната служба има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето.

## 6.4 Следење на развојните потреби на на наставен кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој. Идентификувањето се врши преку изјаснување на наставниците на ниво на активи и од констатирани потреби при посетата на часови од страна на стручните соработници. Врз основа на добиените резултати се изготвува Програма за професионален развој на наставниците која е во прилог на Годишната програма.

Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Училиштето спроведува десеминирање на знаењето од посетените обуки. Стручната служба го следи професионалниот развој на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите ги евидентира во професионалното досие на наставниците. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на годината.

Од страна на Стручните активи е истакната потреба од одржување на семинари организирани од Бирото за развој на образование и Центарот за средно стручно образование.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

## 6.5. Финансиско работење

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. При изготвување на финансиското планирање се земаат во предвид утврдените приоритети и потребите на училиштето. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, квартално добива извештај за финансиските активности на училиштето, а на крај на календарската година и детален извештај. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор.

Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето. Раководниот кадар ги консултира вработените кога тоа е потребно. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за еколошки активности.

За финансиското работење училиштето ја информира Локалната власт преку годишниот извештај за финансиското работење. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокосирани на квалитетот на наставата.

При креирање на финанскискиот план се зема предвид предлогот на ученичката заедница со што се предвидуваат средства за реализација на активности на ученичката заедница .

# 7 Управување/раководење со училиштето

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Училишен одбор е формиран со изборна постапка согласно Законот за средно образование. Овој орган брои 12 члена Претседател на Училишниот одбор е Викторија Јовчевска. Според етнички состав на училишниот одбор 10 члена се македонци и два члена се албанци. Претставникот од МОН, претставниците од Наставничкиот совет, од Советот на родители, од Советот на општината, од Стопанската комора на РМ, поседуваат одлуки за именување, кои се архивирани во училиштето.

Училишниот одбор има Програма за работа број 01-383/1-3 од 08.08.2023 година во која се дефинирани надлежностите, целите и приоритетите во работењето. Со Деловник за работа донесен на 13.09.2022 година, заведен под број 02-11/15-4/1 се регулира работата на овој орган, кој е усогласен со последните измени на Законот за средно образование и Законот за наставници и стручни соработници. Помал дел од членовите на Училишниот одбор не се добро запознаени со своите надлежности и одговорности кои произлегуваат преку учество во работа на седниците на УО.

Седниците на училишниот одбор ги закажува претседателот во соработка со директорот. Дневниот ред се подготвува во кординација на претседателот и директорот, а поканувањето се врши во писмена и електронска форма, а со исклучоци и по телефонски пат. Седниците се одржуват редовно, присутноста е многу добра, редовно со мнозинство присутни членови, нема одложување на седници поради недостаток на кворум. На дневен ред на седниците се поставувани прашања во согласност со надлежностите на Училишниот одбор, предвидено со Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи тековно и по потреба, одлуките ги донесува најчесто едногласно или со мнозинство на гласови.

Информирањето за работата на училишниот одбор и за одлуките кои ги донесува на вработените, родителите и основачот се врши преку избраните преставници членови на училишниот одбор.

Записници од седниците на овој орган, одлуките и други акти кои ги донесува се изготвуват како посебни акти и се заведуват во деловодна книга. Донесените одлуки на училишниот одбор досега се спроведуват во целина, без исклучоци.

Училиштето има донесено Статут на училиштето со дел. бр. 02-168/2 од 29.08. 2022 година, и дадена согласност од Министерство за образование и наука со решение бр.УП1/18-1885 од 19.08.2022 година.

Директор на училиштето е Мила Жибак-Димковска, дипломиран економист, доктор на Економски науки, избрана по пат на Јавен оглас , со Решение бр. УП1-08-1569 од 13.04.2022 година. Истата ги исполнува условите за директор на училиштето.

За својата работа, директорот има изготвено програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.

Во раководна структура има еден заменик директор кој ја води работата во објектот каде наставата се реализира на албански наставен јазик и уште двајца помошници на директорот. Помошниците на директорот ги именува директорот, согласно систематизацијата на работните места во училиштето, кое нешто не е дефинирано со Статутот на училиштето.

Годишната програма за работа содржи повеќе програмски подрачја со планирани активности и истакнати приоритети, кои се однесуваат на подобрување на условите за работа и осовременување на воспитно образовната работа. Раководниот орган иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Донесува одговорни одлуки. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети, а во центар на своето работење ги издвојува подобрувањето на условите за работа, професионално усовршување на наставниот кадар, подобрување на училишната клима, како и подобрување на материјално-техничките услови за работа.

Во остварување на обврските и раководењето директорот на училиштето до надлежните органи поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во образовната

работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишна политика се добри, бидејќи политиките на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и целокупниот воспитно – образовен процес. Поголем дел од вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварувањето на целите. Училилиштето, исто така, ги зема во предвид и мислењата на учениците и родителите и другите субјекти вклучени во училишниот живот.

Најголем број од вработените, голем дел учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето и со начинот на нивно остварување и подобрување.

Раководниот орган на училиштето во голема мера ги мобилизира сите релевантни субјекти, наставниот кадар, учениците, родителите и локалната заедница да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.

Раководната структура постојано ги следи и анализира постојните политики во врска со квалитетот на училиштето, квалитетот на сите подрачја во воспитно – образовната дејност и самоевалуацијата на училиштето.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето во насока на намалување на насилството во училиштето  намалување на семејното насилство, не дискиминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност, еколшко образование и друго.

Училиштето ја почитува Законската обврска за изработка на Програма за развој на училиштето и Годишна програма за секоја учебна година, со која се планираат активностите. Долгорочното планирање се потпира на стратешки цели кои се основа врз која што се гради визијата на училиштето. Училиштето има изготвено Програма за развој.  Во  Програмата за развој добро се дефинирани стратешките цели, истите се темелат на согледувањата до кои е дојдено во текот на изготвувањето на Самоевалуацијата. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето, а при поставувањето се консултирани најголем дел од вработените, дел од родителите и наставниците. Поставените цели се во согласност со Стратегијата за образование на Општина Куманово и државната политика за квалитет на образование.

Професионалниот развој односно стручното усовршување на наставниците е определено согласно програмата за професионален развој и редовно се следи динамиката на Бирото за развој на образованието и МОН.

Училиштето има воспоставено соработка со локалната заедница, која обезбедува финансиски средства за неопходни потреби и непречено функционирање на училиштето.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- ✓ Успешна организација и реализација на вон-наставни активности и соработка со општествени организации и локалната заедница;
- ✓ Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат и планира и презема конкретни акивности за континуирано подобрување на постигањата на учениците;
- ✓ Резултатите од анализите за постигањата на учениците се прегледни и добиените податоци се достапни за сите заинтересирани субјекти и се користат во понатамошните активности подобрување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес;
- ✓ Процентот на ученици кои ја повторуваат годината е многу мал.
- ✓ Училиштето има просторни капацитети за изведување на редовната настава и во централното училиште каде се води настава на македонски наставен јазик и дисперзираниот објект во поранешната касарна на настава на албански наставен јазик;
- ✓ Училиштето има добар имиџ во градот Куманово и во блискиот регион;
- ✓ Училиштето има добиено нова училишна спортска сала за реализација на наставата по предметот Спорт и спортски активности, во објектот каде настава се изведува на албански наставен јазик.

## 8.2. Слаби страни

- ✓
- ✓ Мал број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување одделно за секоја наставна тема, според кои реализираат настава.
- ✓ Слаба соработка помеѓу наставниците и родителите;
- ✓ Недостасуваат нагледни средства и современи машини за изведување на обука по практична настава во паралелките за стручно образование;
- ✓ Училиштето нема спроведено вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода.
- ✓ Поголем број наставници делумно ги информираат родителите за постигањата на учениците и не преземаат конкретни активности за поголема соработка со родителите и со стручната служба на училиштето;
- ✓ Стари и дотраени прозорци и врати, во објектот каде настава се изведува на македонски наставен јазик;
- ✓ Во поголем број од училниците во матичниот објект на ул “Пиринска Македонија” број 4, подот и зидовите се стари и оштетени, а училничкиот инвентар (клупи, столици, табла и останато) се на незадоволително ниво, застарени и видно оштетени, скоро неупотребливи.
- ✓ Дел од санитарните простории во матичниот објект на училиштето се застарени, нереновирани и делумно ги исполнуват условите за потребите на учениците.
- ✓ Нема доволно лектирни изданија и стручна литература во библиотеката или се застарени.
- ✓ Снабденоста на училиштето со наставните средства и потрошен матерјал е делумно задоволително, бидејќи училиштето планира мали буџетски средства за таквата намена.
- ✓ Во статутот на училиштето не се дефинирани работните места на заменик директорот и на раководителите на смена кои работат со помал број на часови;
- ✓ Спортската сала во матичниот објект не се затоплува во зимскиот период;

- ✓ Деловникот за работа не е усогласен со Статутот на училиштето.
- ✓ Членовите на Училишниот одбор не се добро запознаени со своите надлежности и одговорности

## 8.3 ПРЕПОРАКИ:

- ✓ Да се унапреди и подигне на повисоко ниво соработката помеѓу наставниците и родителите;
- ✓ Да се превземат соодветни мерки наставниците да изготвуваат конкретно за секоја тема критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување.
- ✓ Да се превземат мерки и дејствија за опремување на училиштето со нагледни средства и на современи машини за изведување на обука по практична настава во паралелките за стручно образование;
- ✓ Да се преземе иницијатива и да се изготви план на активности за замена на прозорците и реконструкција на подот и зидовите во матичниот објект.
- ✓ Да се превземат мерки и дејствија за подобрување на хигиената во санитарните јазли во училиштето и реновирање на истите.
- ✓ Да се превземат мерки и дејствија за опремување на училиштето со нов училнички инвентар (клупи, столици, табли и останато).
- ✓ Да се ажурира набавката на стручна литература и да се збогати книжевниот фонд со лектирни изданија на македонски јазик и во дислоцираните паралелки на албански јазик.
- ✓ Да се направи план за реновирање на санитарните простории во матичниот објект;
- ✓ Во статутот на училиштето да се дефинираат работните места на заменик директорот и на раководителите на смена кои работат со помал број на часови;
- ✓ Да се регулира затоплувањето на спортската сала во матичниот објект;
- ✓ Училиштето да го усогласи Деловникот за работа на Советот на родители со одредбите од Стаутот на училиштето.

| | |
|---|---|
| **Ивица Давидовски**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| | |

| | |
|---|---|
| **Џавид Сулејмани,** инспектор член | |
| | |
| **Љубиша Николиќ,** инспектор член | |
| | |
| **Сенад Сулејмани,** инспектор член | |
| | |